**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 ноември 2017 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: октомври 2017 година

– Во октомври, кај **паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** бележиме месечен раст од 0,7%, кој се објаснува со растот кај долгорочните и краткорочните депозити, наспроти падот евидентиран кај готовите пари во оптек. Споредено на годишна основа, во услови на раст кај сите компоненти, паричната маса е зголемена за 6,2%, што во најголем дел произлегува од растот кај депозитните пари[2] и долгорочните депозити.

– **Вкупните депозити** во октомври бележат месечна стапка на раст од 1,1%, главно под влијание на зголемувањето на депозитите на корпоративниот сектор (придонес од 82,4% во месечниот раст). Од друга страна, стапката на годишниот депозитен раст од 6,1% се должи на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства" (60,5%).

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 9.2017 | 10.2017 |
| **Парична маса М4** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **350,513** | **352,854** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **6.4** | **6.2** | **-0.4** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 28,968 | 28,008 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 9.9 | 7.0 | -0.7 | -3.3 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **320,952** | **324,344** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.0** | **6.1** | **-0.5** | **1.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 80,304 | 83,099 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 5.6 | 7.2 | -4.4 | 3.5 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 221,570 | 222,364 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.6 | 5.3 | 0.8 | 0.4 |
| **Вкупни кредити** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **286,950** | **287,322** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **4.3** | **4.8** | **-0.3** | **0.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 146,764 | 146,449 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | -0.5 | 0.9 | -1.2 | -0.2 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,951 | 139,632 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 9.3 | 0.5 | 0.5 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

– Во октомври **вкупните кредити** остварија минимално месечно зголемување од 0,1% како резултат на растот на кредитирањето на секторот „домаќинства", во услови кога кредитниот раст на корпоративниот сектор континуирано бележи негативни месечни стапки од јули 2017 година наваму. Анализирано на годишна основа, кредитниот раст од 4,8%, во најголем дел се потпира на растот на кредитите кај секторот „домаќинства" (89,4%).

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

- Кај вкупните **депозити** на корпоративниот сектор во октомври е евидентиран месечен раст од 3,5%, во поголем дел заради зголемувањето на краткорочните депозити во странска валута. Споредено на годишно ниво, растот на корпоративните депозити изнесува 7,2%, и се должи на растот на депозитните пари, долгорочните депозити во денари и на краткорочните депозити во странска валута.

- Во текот на овој месец, вкупните **кредити** на корпоративниот сектор регистрираат месечен пад од 0,2%, кој произлегува од намалувањето на девизните кредити, при раст кај денарското кредитирање. На годишна основа е забележан кредитен раст од 0,9%, при што зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор во денари беше делумно нетирано со падот на кредитирањето во странска валута.

[3] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

– Вкупните **депозити на домаќинствата** во октомври бележат раст на месечна и на годишна основа од 0,4% и 5,3%, соодветно. Притоа, месечниот раст во целост произлегува од нагорната промена кај девизните депозити, додека годишниот раст е распределен помеѓу депозитите во денари и во странска валута, со поголемо учество во растот на денарските депозити (58,1%).

[4] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **кредити** на домаќинствата е остварен месечен и годишен раст од 0,5% и 9,3%, соодветно. Притоа, зголемената кредитна активност кон домаќинствата на месечно и годишно ниво главно е сконцентрирана кај денарските кредитни продукти (учество во растот од 93,7% и 88,9%, соодветно).




Извор: НБРМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 9.2017 | 10.2017 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 71,068 | 71,215 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 11.9 | 11.3 | 0.7 | 0.2 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,788 | 38,268 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.1 | 13.7 | 0.7 | 1.3 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 308 | 311 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -5.2 | -5.6 | 1.9 | 1.0 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,341 | 12,379 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -1.0 | -1.0 | -0.2 | 0.3 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 6,627 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 3.7 | 3.5 | 0.0 | 1.8 |
| Други кредити | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,578 | 4,541 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 0.5 | 0.2 | -0.1 | -0.8 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** во октомври бележиме месечен раст од 0,2% и 1,3%, соодветно, при годишен раст од 11,3% и 13,7%, соодветно. Овој месец кредитите одобрени на **кредитни картички** остварија месечен раст од 0,3%, наспроти годишното намалување за 1,0%, додека **негативните салда на тековните сметки** оствариja месечен и годишен раст од 1,8% и 3,5%, соодветно. Кредитите одобрени врз **други основи**, бележат месечно намалување од 0,8%, при годишен раст од 0,2%. Конечно, кај **автомобилските кредити,** како најмалку застапени инструменти, е регистрирана нагорна месечна промена од 1,0%, додека на годишно ниво е забележано намалување од 5,6%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 21 декември 2017 година (референтен пресек заклучно со ноември 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).